РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1116/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1116/1 од 13.03.2024 година со наводи за незадоволство од судска пресуда, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува.

Предметната пријава да се достави на надлежно постапување до надлежен орган - Судски совет на Република Северна Македонија

Предметот со број 12-1116/1 од 13.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.03.2024 година, поднесена е пријава против ----- --------- основен судија во Основиот суд --------, при што ДКСК оформи предмет број 12-1116/1 од 13.03.2024 година.

Во доставената пријава против истакнатото лице изнесени се наводи со сомнение за можна злоупотреба на службената положба заради донесување судска пресуда со која што тужбеното барање на тужителот во судската постапка

за надомест на материјална штета заради сторена сообраќајна незгода било делумно усвоено.

Дополнително од увидот во приложеното може да се констатира дека во случајот судот утврдил дека тужителот не се здобил со тешки телесни повреди па поради тоа оценил дека досудените парични износи за наплата на надомест за нематеријалната штета се правични и соодветни на видот и тежината на повредата и истите претставуваат сатисфакција за претрпеното на тужителот.

По разгледување на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува, а предметната пријава ќе ја достави на надлежно постапување до надлежен орган - Судски совет на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил:П.Б., советник
Контролирал:Ј.Ц.,раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk